# Есенцијален тремор - најзначајни факти што треба да ги знае секој пациент

International Parkinson and Movement Disorder Society

## Што е тоа?

Есенцијален тремор е најчесто екстрапирамидно заболување. Познато е и како бениген есенцијален тремор, фамилијарен тремор, или хередитарен тремор. Пациенти со есенцијален тремор може да имаат неконтролирано тресење (тремор) на рацете, главата, гласот и други делови од телото. Состојбата обично започнува во адултна возраст и може постепено да се влошува со текот на годините. Треморот најчесто се забележува кога се држат рацете испружени или кога се изведуваат фини движења со нив, како на пример држење на чаша, користење на лажица или при пишување. Треморот обично прекинува доколку дланките/рацете се комплетно релаксирани, како на пример кога мируваат во скут. Стресот обично придонесува за повремено влошување на треморот.

## Која е причината?

Причината за појава на есенцијален тремор е непозната, но повеќе од половина од пациентите имаат друг член во фамилијата со тремор. Истражувачите сè уште не го имаат пронајдено генот кој предизвикува есенцијален тремор. Кај пациенти со фамилијарна историја на есенцијален тремор, симптомите имаат тенденција да се појават на помлада возраст. Истражувачите мислат дека ЕТ се развива во мозокот, но снимањата на мозок кај овие пациенти се нормални. Не постои дијагностички тест за ЕТ. Меѓутоа, вашиот доктор може да направи крвни анализи за други состојби, како на пример за заболување на тироидната жлезда кое може да го влошува треморот. Некои лекови исто така може да го влошуваат треморот.

## Дали постои третман?

Постојат ефикасни лекови кои го намалуваат треморот, но не постои лек за негово излекување. Користење на потешки чаши, потежок прибор, па дури носење на зглобни алки со тежина можат да го намалат треморот. Некои пациенти може да имаат полза од некои лекови. Лековите обично се даваат на принцип на проба и резултат. Некои се подобри од други, во зависност од секој пациент. Лекови кои може да помогнат се:

- Бета-блокери, како на пр. пропранолол
- Антиеилептични лекови, како на пр. примидон, габапентин, топирамат, и клоназепам

Вашиот доктор може да ви препорача да не консумирате кофеин, други стимуланси и некои лекови кои може да предизвикаат тремор. Пациенти со одредени типови на тремор може да имаат корист од инјекции со ботулинум токсин.

Ботулинум токсин се инјектира во мускулите кои го предизвикуваат треморот, повремено олабавувајќи го мускулот со цел намалување на треморот. Овие инјекции може да се повторуваат 2-4 пати годишно и се многу ефикасни кај пациенти со тремор на главата или гласот. Иако медикаментозниот третман може да им помогне на некои пациенти со тремор, затоа треба со него прво да се проба, оние со тешка форма на тремор треба да размислат за хируршки третман. Вашиот невролог може да ве советува за најсоодветниот третман што одговара на вашата состојба. Постојат неколку типови на операции за ЕТ:

- Таламотомија- тип на операција на мозокот каде еден дел од мозокот, поточно таламусот кој се уништува
- Длабока мозочна стимулација – друг тип на операција на таламусот каде тенка жица (наречена електрода) се пласира во таламусот и се поврзува со уред што личи на пејсмејкер, поткожно во пределот на градниот кош
- Други хируршки процедури

## Дали есенцијален тремор е форма на Паркинсонова болест?

Не. Есенцијален тремор е околу 10 пати почесто заболување од Паркинсоновата болест. За разлика од есенцијален тремор, треморот на дланката во склоп на Паркинсоновата болест е најочигледен кога рацете на пациентот мируваат и се релаксирани, а не кога изведуваат некоја активност. Други знаци за Паркинсонова болест, но не и за есенцијален тремор, се забавување на движењата, потешкотии со одењето и други наоди при преглед.

## Што може да се очекува од животот доколку се има есенцијален тремор?

Есенцијалниот тремор не го намалува животниот век. Треморот може да се зголемува со текот на времето, но промената обично е бавна, типично во период од повеќе години. Евентуално, некои пациенти може да доживеат одреден степен на неспособност, како на пример потешкотии со пишување, јадење, или пиење или некој степен на непријатност во друштвото. Лесен тремор обично нема потреба од третман, и раното лекување не ги запира или забавува природните промени на симптомите. Треба да се размислува за отпочнување со медикаментозен третман кога треморот ќе почне да пречи во изведување на секојдневните активности или претставува проблем за пациентот.

International Parkinson and Movement Disorder Society
555 East Well Street, Suite 1100 • Milwaukee, WI 53202 • +1 414-276-2145 • www.movementdisorders.org

Copyright © 2016 International Parkinson and Movement Disorder Society (MDS). All rights reserved.

MDS-1116-501